Влада на Република Северна Македонија

## Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост

# АКЦИСКИ ПЛАН ЗА 2019 ГОДИНА
# ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА МЕРКИТЕ ОД КОНВЕНЦИЈАТА НА ООН ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

**Водич за акроними:**

АВРМ – Агенција за вработување на Република Северна Македонија

ЕЛС – Единица на локална самоуправа

ЗАПОВИМ - Заедница на заштитни друштва

ЗЕМ – Закон за еднакви можности

ИПА – Инструмент за претпристапна помош

КЗД – Комисија за заштита од дискриминација

МОН – Министерство за образование и наука

МТСП – Министерство за труд и социјална политика

МЗ – Министерство за здравство

МЕ – Министерство за економија

МИОА – Министерство за информатичко општество и администрација

МФ – Министерство за финансии

МП – Министерство за правда

НКТ – Национално координативно тело

СБ – Светска банка

УНХЦР – Канцеларија на високиот комесаријат за бегалци на Обединетите Нации

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

| Р. број од препора ките | Препорака | Области за загриженост | Активности | Рок на реализација (квартално) | Надлежни/ во соработка |
|---|---|---|---|---|---|
| 6.в | -Да се обезбеди метод за проценка на попреченоста кој целосно го вклучува пристапот базиран на човекови права:<br>-Вклучување на организациите на лица со попреченост во креирање на проценката на попреченост;<br><br>-Елиминирање на многубројните проценки, со цел да се намали товарот на кандидатите;<br><br>-Информацијата за условите/барањата за проценка да се направи достапна и лесна за користење за корисникот. | Употреба на различни проценки за попреченоста и дефиниции во правната рамка на државата - членка, кои не се во согласност со пристапот кон попреченоста базиран на човековите права, како на пример, во Законот за спречување и заштита од дискриминација. | - Селекција на стручни немедицински лица (специјални едукатори, логопеди, социјални работници) кои ќе учествуваат во процесот на пилотирање;<br>- Обука на селектираните лица за користење на МКФ;<br>- Пилотирање на моделот на проценка во Градот Скопје согласно Меѓународната класификација на функционалности.<br>- Подготовка на препораки за имплементирање на моделот во работењето на сите Комисии за проценка на деца со попреченост<br><br>→ Изготвување анализа за воведување на единствен систем за вештачење, каде би се правеле сите проценки за правата поврзани со попреченоста | Втор/трет квартал 2019 година | Во соработка со Министерство за здравство и ЈЗУ на територија на Град Скопје, УНИЦЕФ |
| 8.а | Ревидирање на цела легислатива со цел да се вметнат сите форми на дискриминација поради попреченост, вклучувајќи дискриминација по повеќе | Недостатокот од усогласување на националната легислатива, политика и програми со Конвенцијата и постоењето на медицински модел на попреченост. | → Усогласување на целокупната легислатива во државата согласно новиот закон за спречување и заштита од дискриминација, кој е во собраниска процедура од јули 2018 година. | Втор квартал 2019 година да започне и во наредните две години да заврши | МТСП во соработка со сите надлежни министерства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | основи | | → <br>→ Непречено функционирање на Национално координативно тело за недискриминација во кое членуваат организации кои работат на правата на лицата со попреченост. | | |
| 8.б | Воведување мерки да се обезбеди оштета/надомест за лицата кои се соочиле со дискриминација поради попреченост<br>Да се предвидат казни во националното законодавство, и за јавните и за приватните институции или индивидуи кои вршат дискриминација на лицата со попреченост | Нема казни во националните закони, и за јавните и за приватните институции или индивидуи кои дискриминираат лица поради нивната попреченост и недостаток на ефективни правни средства против дискриминација | -Спроведување на прекршочни санкции со зголемен износ на глобите за дискриминација врз основа на попреченост како и за разумно прилагодување и соодветно приспособување, предвидени со новиот предлог Закон за спречување и заштита од дискриминација.<br>- Покренување на иницијативи за спроведување на прекршоците.<br>- Зајакнување на капацитетите на надлежните органи кои ќе треба да постапуваат и да покренуваат постапки и за овие прекршоци. | | |
| 8.в | Редовна обука на јавни и приватни чинители за недискриминација и разумно прилагодување за лицата со попреченост, а која ќе се фокусира на пристапот кон попреченоста базиран на човековите права, наместо преку традиционалниот медицински и хуманитарен пристап | Обуките за недискриминација и разумно прилагодување не се редовно обезбедени за јавните и приватните чинители. | - Спроведување обуки преку Националното координативно тело во соработка со организациите на лицата со попреченост за разумното прилагодување и пристапот базиран на човекови права - предвидено во новиот предлог закон за спречување и заштита од дискриминација. | Трет квартал 2019 година - континуирано | НКТ во соработка со надлежните Министерства |
| 14.а | Воведување посебни мерки за жените и девојчињата со попреченост во постоечката | Постоечката легислатива не содржи специфични мерки за жените и девојчињата со попреченост, особено | - Хармонизација на легислативата со Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за | Втор/трет квартал 2019 година | МТСП |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | легислатива, особено во Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за еднакви можности на жените и мажите | Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за еднакви можности на жените и мажите - и како резултат, жените и девојчињата со попреченост се соочуваат со дискриминација по повеќе основи | еднакви можности, во насока на утврдување на специфични мерки. | | |
| 14.б | -Да се имплементираат ефективни законски, политички и практични мерки со цел справување со родово базирано насилство врз жените и девојчињата со попреченост<br><br>-да осигура дека тие кои се погодени имаат пристап до директна заштита и достапни услуги за поддршка, вклучувајќи разумно прилагодување на редовните услуги и заштитните установи. | Националните родови политики и програми не го вклучуваат прашањето за попреченоста | → Подготовка на предлог текстот на Законот за родово базирано насилство. | Оваа активност ќе се одвива и во 2019 година. Во вториот квартал од годината треба да биде подготвен од работната група, а во последниот квартал да биде донесен Законот | Со финансиска поддршка од УНХЦР |
| 14.в | Да имплементира мерки за зголемување на пристапот до редовните сервиси и разумно прилагодување за жените и - девојчињата со попреченост | Има слаб пристап до редовните сервиси и разумно прилагодување за жените и девојчињате со попреченост, особено оние со психосоцијална попреченост и/или интелектуална попреченост | → Развој на сервисите за лицата со попреченост во локалната заедница.<br>→ Развој на социјално-здравствен сервис, кој треба да биде наменет за лицата со психосоцијална попреченост. | Законот треба да стапи на сила во 2019 година, во вториот квартал од годината | МТСП, МОН, Министерство за здравство, Организации на лица со попреченост |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 15.в | Евалуација на реализацијата на Националната стратегија за еднакви права на лицата со попреченост 2010-2018<br><br>Изработка на нова Национална стратегија за еднакви права на лицата со попреченост и да се обезбедат доволно ресурси за нејзината имплементација, особено за сервисите за поддршка кои се неопходни во обезбедување на независно живеење на лицата со попреченост | Комитетот е загрижен дека Националната стратегија за еднакви права на лица со попреченост 2010-2018 не е целосно имплементирана, особено во делот на сервисите за поддршка кои се неопходни во обезбедување на независно живеење | → Спроведување на Националната Стратегија за деинституционализација 2018-2027 со Акцискиот план | Акцискиот план за Стартегијата за Деинституционализација ќе биде донесен во првиот квартал на 2019 година. | МТСП, МОН, МЗ, МТВ, МП, Граѓански организации нас лица со попреченост |
| 16.б<br>16.в<br>16.г | -Да ги вклучи правата на децата со попреченост, вклучувајќи го начелото во најдобар интерес за детето во националните политики, планови, програми и рамки на усогласеност;<br><br>-Да усвои мерки за решавање на стигмата, дискриминацијата и штетните стереотипи против децата со попреченост;<br><br>-Да обезбеди континуирана поддршка за детето од рана помош до независно живеење | -Застапена стигма, дискриминација и стереотипи против децата со попреченост, и долготрајниот пристап кон изолација и институционализација<br>-Недостаток од механизми да се обезбеди учество на децата со попреченост во процесите на одлучување кои влијаат на нивниот живот, да се земе нивното мислење во предвид за прашања кои се однесуваат на нив и нивните семејства, вклучувајќи учество<br>-Недостаток од рана помош и обезбедување на сервиси за независно живеење. | → Трансформација на ЈУ Завод за рехабилитација Бања Банско Стумица со фокус на преселба на 7-те деца згрижени во истата во самостојно живеење со поддршка;<br>→ Комплетна трансформација на ЈУ Дом за доенчиња Битола;<br>→ Сместување на децата од установата во семејства или мали групни домови<br><br>- Подигнување на квалитетот на претшколското образование преку развој и имплементација на програми за работа и соработка со родителите на децата со попреченост заради социјална и | Четврт квартал од 2019 година<br><br>Трет квартал 2019 година | МТСП<br><br>МТСП |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | образовна инклузија на децата | | |
| 18.а | -Да усвои национална политика и стратегија за подигнување на свеста за попреченоста со цел спречување и борба против дискриминацијата која ја доживеале лицата со попреченост, преку учество на лица со попреченост, насочено кон борба против стигмата и стереотипите;<br>-Да развива континуирани кампањи за Конвенцијата во јавниот и приватниот сектор и меѓу лицата со попреченост и нивните репрезентативни организации: регионални промоции на Конвенцијата, публикација на Конвенцијата во пристапен формат за лицата со оштетен слух, оштетен вид и интелектуална попреченост. | -Недостаток на национална политика и стратегија за подигнување на свеста за попреченоста и недостаток на напори за спречување и борба против стереотипите за попреченоста и дискриминацијата по основ на оштетување;<br><br>-Ad-hoc активности за кампањи за подигнување на свеста кои се фокусираат на оштетувањето наместо на правата и го зајакнуваат добротворниот пристап кон попреченоста. | → Спроведување на активности за подигнувањето на свеста преку НКТ за имплементација на Конвенцијата за лицата со попреченост.<br><br>- Промоцијата на Конвенцијата во сите Министерства и органи во состав.<br>- Спроведување на обуки на крајот на месец јануари за стручните лица од Министерствата и за членовите на НКТ со поддршка на Агенциите на ООН<br><br>→ Имплементација на мерки за подигнување на свеста во заедницата за придобивките од деинституционализацијата на лицата со попреченост | Прв квартал 2019<br><br>Втор квартал 2019 година | МТСП, НКТ, Министерства, Агенции на ООН<br><br>МТСП во соработка со НКТ, релевантните министерства и организации на лица со попреченост |
| 18.б | Разгледување на постоечкото законодавство и политики за да се вметнат правни средства и санкции кои спречуваат секакви форми на насилство, злоупотреба и лош третман во јавните и приватните сфери против лицата со попреченост, особено жените, девојчињата и | Законот за спречување и заштита од семејно насилство е нејасен околу забраната за експлоатација, насилство и злоупотреба на лицата со попреченост. | → Инкорпорирање на Законот за семејно насилство во законот за родово базирано насилство | Оваа активност ќе се одвива и во 2019 година. Во вториот квартал од годината треба да биде подготвен од работната група, а во последниот квартал да биде | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 31.б<br><br><br>31.г | децата со психосоцијална попреченост и/или децата со интелектуална попреченост;<br><br>Обука на персоналот и работниците во засолништата за пристапот кон попреченоста базиран на човековите права;<br><br>Спроведување на истрага за сите наводи за насилство и злоупотреба на лица со попреченост, особено оние со психосоцијална попреченост и/или интелектуална попреченост, и сомнителни причини за смрт на корисниците во институциите. | | | донесен Законот | |
| 31.в | Да осигура пристапност на засолништата за жртви на насилство и нивните услуги и за лицата со попреченост | Засолништата за жртви на семејно насилство, вклучувајќи ги нивните услуги, не се пристапни за лицата со попреченост | → Преоценување на пристапноста на сите засолништа за жртви на насилство | Четврт квартал 2019 година | |
| 35.а<br><br><br>35.б | -Да обезбедат соодветни човечки, финансиски и технички ресурси за целосна имплементација на деинституционализацијата, особено за имплементација на транзицијата кон услови за независно живеење;<br>-Да осигура дека услугите во заедницата се достапни, пристапни, по пристапни цени, приспособени и со квалитет, со цел да овозможи лицата со | Слабост на процесот на деинституционализација; акцент се дава на повторно сместување на лицата со попреченост во мали групни домови наместо во услови за независно живеење;<br><br>Повеќе средства се наменуваат за институции отколку за сервиси во заедницата. | Во Буџетот на Министерство за труд и социјална политика за 2018 година предвидени се средства во висина од 29.143.000,00 денари,<br>Реализација на предвидените средства во Буџетот за 2019 година - 169.090.000,00 денари за поддршка на вонинституционалните форми на заштита.<br>Реализација на проект - предпристапна помош во 2019 година, преку која се обезбедени се 1,3 милиони евра за техничка помош за | 2019 година<br><br><br>прв квартал 2019 /2020 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | попреченост да го практикуваат своето право да живеат независно и да бидат вклучени во заедницата | | процесот на Деинституционализација<br><br>Реализација на грантова програма грантова програма во висина од 1,8 милиони евра. | четврт квартал 2019/2020 | |
| 35.г | Да усвои мерки за обезбедување персонална асистенција за лицата со попреченост без разлика на возраста | Дискриминација по основ на возраст во пилот- програмата за персонална асистенција. | Со новиот Закон за социјална заштита Персоналната асистенција во 2019 година се планира да биде воведена како услуга од социјална заштита, но сепак ќе биде од 18+ (поврзано е со активација и вклучување на пазар на труд и рехабилитација). | Втор квартал 2019 година | МОН и ЕЛС |
| 35.в | Да усвои мерки потребни да се осигура дека лицата со попреченост имаат законско право на доволен личен буџет за независно живеење, кое ги зема во предвид дополнителните трошоци кои се однесуваат на попреченоста и, да пренасочи ресурси од институционализација за сервиси во заедницата | Недостаток од сервиси и персонална асистенција за промовирање независно живеење на лицата со попреченост; | - Имплементација на услугата за персонална асистенција за 150 лица;<br>- Воведување на нова услуга за помош и нега во домот/подготвување на стандарди и нормативи<br>- Воведување на услуга за одменска нега/подготвување на стандарди и нормативи | Прв квартал/2019<br><br>Втор квартал /2019<br><br>Трет квартал/2019 | |
| 39.б | -Да се оформи група на квалификувани толкувачи на знаковниот јазик, учители со вештини за тактилно препознавање, Брајова азбука и | -Ограничени информации од јавен карактер пристапни за лицата со попреченост, вклучувајќи превод на знаковен јазик, тактилно препознавање, Брајова азбука и во | Превод на документи и закони на јазик пристапен за лицата со попреченост | Втор квартал во 2019 | НКТ во соработка со МТСП; МОН, МИОА, Сојуз на глуви, Сојуз на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | вештини за приспособување на текстови во формат лесен за читање, и да се обезбеди дека телевизиските станици даваат вести и програми во пристапни формати, особено за глувите лица, глуво- слепи лица и наглувите лица.<br>-Да усвојат конкретни правни мерки и мерки на имплементација за да се стандардизира, препознае и користи знаковниот јазик како официјален јазик и да се предава во училиштата. | формат лесни за читање и други алтернативни форми за комуникација, и во јавните и во приватните медиуми.<br><br>-Недостатокот на стандардизација, препознавање и спроведување на знаковниот јазик како официјален јазик. | | | слепи лица, Јавните национални телевизиски сервиси |
| 41.а | Измени во Законот за семејство за да се осигури дека лицата со попреченост може да ги практикуваат нивните права кои се однесуваат на брак, семејство и врски на еднаква основа со другите и на основа на нивна слободна и информирана согласност | Правните одредби во Законот за семејство ги дискриминираат лицата со психосоцијална попреченост и/или лица со интелектуална попреченост да склопат брак и да формираат семејство.<br>Во истиот закон се бара лицето со интелектуална попреченост и/или лице со психосоцијална попреченост да биде сертифицирано како "лице кое поседува знаење и разбира". | → Формирање на работна група за подготовка на закон<br>→ Изработка на нов предлог Закон за семејство<br>→ Консултација и организирање на јавни расправа на новиот предлог текст | Втор/трет квартал/2019 | МТСП |
| 41.б | Да усвои мерки за промовирање на соодветна правна заштита и обука на судски и социјални работници за да се осигури дека лицата со попреченост не се дискриминирани за време на правни и административни процеси во однос на нивните | | → Ќе се разгледа прашањето во 2019 година | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | сексуални и репродуктивни права, право за формирање на семејство и старателство над нивните деца. | | | | |
| 43.а | Да се ревидира Законот за заштита на децата и јасно да промовира инклузивно образование и вклучување на попреченоста како основ за дискриминација, да се забрани одбивање на разумно прилагодување, како форма на дискриминација по основ на попреченост. | Законот за заштита на децата сѐ уште дозволува сегрегација на ученици со попреченост, постојат сегрегирани образовни средини, особено за учениците со интелектуална попреченост. | → Во новиот предлог текст на законот за спречување и заштита од дискриминација, сегрегацијата е воведена како нов вид и облик на дискриминација.<br>→ Усогласување на Законот за основно и Законот за средно образование.<br>→ Развивање на стандардите за квалификација и компетенциите за вработените во претшколските установи кои ќе гарантираат образовно и социјално вклучување на децата со попреченост<br>→ воведување нови пристапи за работа со децата со попреченост. | Трет квартал 2019 година ќе започне ИПА проект | МТСП |
| 47 | Да усвои легислативата неопходна за дефинирање и обезбедување пристап до услуги за хабилитација и рехабилитација, и да осигури дека истите се базирани на пристапот на човекови права и развиени со учество на организациите на лица со попреченост. | Хабилитацијата и рехабилитацијата не се конкретно дефинирани во рамките на законите и прописите на државата- членка<br>Недостаток на соодветна легислатива која обезбедува лицата со попреченост да имаат пристап до услуги за хабилитација и рехабилитација. | → Воведување на рехабилитација во соработка со Заводите за рехабилитација и со граѓански организации<br>→ Опремување на работните простории<br>→ Обука на стручен кадар | Прв квартал 2019 година/2020 | МТСП и УНДП |
| 49.а | Да се ревидира постоечката легислатива, и во јавните и приватните сектори, да ја | Дискриминација и нееднаквост во вработување и работните услови за лицата со попреченост, посебно | → Анализа на законските решенија за вработување на лица со | Втор/трет квартал 2019 година – почеток – целиот | МТСП, МИОА, АВРМ, МЕ, МФ, МОН, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 49.б | усогласат со Конвенцијата<br>Да се усвои легислатива со ефективни правни средства и санкции во однос на дискриминација по основ на попреченост во регрутирање, унапредување и задржување на вработени<br><br>Да преземе ефективни и афирмативни мерки да се обезбеди вработување на лица со попреченост во јавниот и приватниот сектор и да се осигури дека отворениот пазар на труд е инклузивен и пристапен, дека разумното прилагодување е достапно и дека обврската за овозможување на разумно прилагодување е експлицитно пропишано во легислативата. | жени, особено оние содржани во некои прописи во Законот за државна администрација;<br><br>Законот за работни односи не ги обврзува работодавците да обезбедат разумно прилагодување за лица со попреченост<br><br>Лицата со попреченост, јавните и приватните работодавци не се целосно свесни за правата и можностите за вработување на отворениот пазар на трудот | попреченост<br>→ Воведување на нов систем на професионална рехабилитација и предлог за измена на Законот за вработување на лицата со попреченост<br>→ Јавни расправи во однос на новите предлог решенија на Законот за вработување на лицата со попреченост | процес треба да заврши 2021 година | Вицепремиер за економски прашања, Бизнис заедница, ЗАПОВИМ, организации на лица со попреченост |
| 51.а<br><br>51.б | Да го разгледа Законот за социјална заштита и да ја вклучи попреченоста во клаузулата за антидискриминација;<br><br>Да гарантира соодветен стандард на живот за лицата со попреченост, преку компензации во форма на паричен додаток кои би овозможило лицата со попреченост да ги покријат | Законот за социјална заштита не ја смета попреченоста како основ за дискриминација.<br><br>Бенефициите за попреченост се ограничени со возраст (на лица со попреченост кои се на возраст од 18 до 26 години не им се даваат надоместоци).<br>Административни и бирократски услови во однос на документација од "комисиски проценки" со цел лицата | → Усогласување и воведување на упатувачката одредба во новиот предлог текст на Законот за социјална заштита каде попреченоста ќе биде основ за дискриминација.<br>→ Имплементација на компензациони надоместоци за лицата со попреченост<br>→ Зголемување на сумата на | Прв/втор квартал 2019 година | МТСП |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | трошоците поврзани со попреченоста;<br><br>Да ги укине одредбите за лицата со попреченост кои според возраста ги квалификува да пристапат до социјални бенефиции, да алоцира одредени парични додатоци и надоместоци за децата со попреченост; да обезбеди еднаква материјална помош за биолошките и загрижувачките семејства | со попреченост да имаат пристап до социјални бенефиции.<br>Лицата со попреченост се соочуваат со предизвици за подмирување на дополнителните трошоци за попреченоста. | правото за посебен додаток за 15 % | | |
| 57 | Државата- членка да применува показатели за попреченоста во следењето на спроведувањето на Целите за Одржлив Развој, особено цел 17.18, и значително да ја зголеми достапноста на високо-квалитетни, навремени и сигурни податоци поделени по примања, пол, возраст, раса, етничка припадност, миграциски статус (вклучувајќи статус на барател на азил и бегалец), попреченост, географска локација и други карактеристики релевантни за националниот контекст. | Недостаток на постојана и споредлива статистика за лицата со попреченост и недостаток на показатели за човекови права во податоците кои се на располагање.<br><br>Комитетот е исто така загрижен до која мера показателите поврзани со попреченоста се ефективно применети во спроведувањето на Целите за Одржлив Развој. | → Обезбедување на статистички податоци со наредниот попис , во кој ќе бидат вметнати прашања кои се однесуваат на попреченоста. | Во времето планирано за попис | Завод за статистика |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

| Р. број од препора ките | Препорака | Области за загриженост | Активности | Рок на реализација (квартално) | Надлежни/ во соработка |
|---|---|---|---|---|---|
| 43.а | Да го ревидира Законот за основно образование: јасно да промовира инклузивно образование и вклучување на попреченоста како основ за дискриминација, да се забрани одбивање на разумно прилагодување, како форма на дискриминација по основ на попреченост | Законот за основно образование сѐ уште дозволува сегрегација на ученици со попреченост, постојат сегрегирани образовни средини, особено за учениците со интелектуална попреченост. | - Ревидирање на Законот за основно образование<br>- Вклучување на попреченоста како основ за дискриминација,<br>- Предвидување мерки за поддршка на учениците со попреченост во Законот за основно образование. | Јуни 2019 година | Министерство за образование и наука |
| 43.б | Да донесе план за транзиција за да се обезбеди инклузивно образование на сите нивоа, вклучително и во високообразовните институции за лицата со попреченост; | Не постои сеопфатна стратегија насочена кон инклузивен образовен систем со фиксни рокови и резултати и распределба на соодветни финансиски, човечки и технички ресурси, особено за учениците со интелектуална попреченост. | - Анализа на фискални импликации во однос на авторски права за пристап до електронска верзија за сите учебници кои се издадени од страна на професорите<br>- Анализа на фискални импликации за отварање студентски сервис за поддршка на студентите со попреченост и тоа во рамките на постојните кариерни центри .<br>- Анализа на фискални импликации за поставување пристапни рампи на влезот на оние факултети кои не се пристапни и за адаптирање на најмалку еден тоалет за потребите на студентите со | Континуирано | Министерство за образование и наука<br>Државните Универзитети во Република Македонија<br><br>Министерство за образование и наука со средства од Инструмент за претпристапна помош 2019 (EU for inclusion) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | телесна попреченост. | | |
| 43.в | -Да обезбеди соодветна поддршка, ресурси и квалификувана обука за наставниците и помошниот персонал, за да се поттикне инклузијата, особено на учениците со интелектуална попреченост или учениците со психосоцијална попреченост и девојчиња со попреченост; | | - Реализација на најмалку 50 обуки за инклузивно образование и работа со ученици со попреченост. | Континуирано | Биро за развој на образованието, Меѓународен фонд за деца при Обединетите Нации за итни состојби - УНИЦЕФ |
| 43.г | Да обезбеди универзална пристапност до образовните простории, вклучувајќи ги и универзитетите. | Законот за основно образование сѐ уште дозволува сегрегација на ученици со попреченост, постојат сегрегирани образовни средини, особено за учениците со интелектуална попреченост. | - Одредување критериуми за избор на:<br>• најмалку 10 основни училишта за инклузија на учениците со физичка попреченост<br>• најмалку 5 средни училишта за инклузија на учениците со физичка попреченост<br>- Анализа на постојните објекти и проценка на фискални имликации за:<br>• целосно прилагодување на зградите на сите универзитети (факултети) за образовните потреби на | Континуирано | Министерство за образование и наука |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | студентите со посебни потреби | | |
| 43.д | -Експлицитно и веднаш да спроведе забрана за исклучување на учениците со попреченост од редовните училишта врз основа на нивните оштетувања. | | Реализација на обуки:<br>- 4 обуки за директорите на училиштата,<br>- Најмалку 50 обуки за советниците и наставниците за правата на децата со попреченост за инклузивно образование. | Втор, трет и четврти квартал | Биро за развој на образованието, Меѓународен фонд за деца при Обединетите Нации за итни состојби - УНИЦЕФ |
| 39.б | -Да се оформи група на квалификувани толкувачи на знаковниот јазик, учители со вештини за тактилно препознавање, Брајова азбука и вештини за приспособување на текстови во формат лесен за читање,<br>-Да усвојат конкретни правни мерки и мерки на имплементација за да се стандардизира, препознае и користи знаковниот јазик како официјален јазик и да се предава во училиштата. | Ограничени информации од јавен карактер пристапни за лицата со попреченост, вклучувајќи превод на знаковен јазик, тактилно препознавање, Брајова азбука и во формат лесни за читање и други алтернативни форми за комуникација, и во јавните и во приватните медиуми.<br><br>Недостатокот на стандардизација, препознавање и спроведување на знаковниот јазик како официјален јазик. | Организирање тркалезна маса и консултации за:<br>- стимулирање на лицата со попреченост да се запишуваат на педагошките факултети<br>- елиминирање на сите дискриминирачки процедури при запишувањето;<br>- ангажирање на поддршка при студирањето: толкувач на знаковен јазик, придружници, пристап до електронска верзија на книгите. | Континуирано | Министерство за образование и наука<br>Биро за развој на образованието<br>Педагошки факулет |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

| **Ред. број од препора-ките** | **Препорака** | **Области за загриженост** | **Активности** | **Рок на реализација (квартално)** | **Надлежни/ во соработка** |
|---|---|---|---|---|---|
| 45.а | Да ја вклучи попреченоста како основа за дискриминација во „Законот за заштита на правата на пациентите“. | Попреченоста во „Законот за заштита на правата на пациентите“ не е прецизно наведена како основ за дискриминација. | → Донесување предлог текст на „Закон за измена и дополнување на Законот за заштита на правата на пациентите“ | Во текот на вториот квартал од 2019 година | **Надлежни**; Министерство за здравство |
| 45.б | Да ги отстрани ограничувањата во возраст за пристап до бесплатно лекување, односно ослободување од партиципација, како и секакви исклучоци во Законот за здравствено осигурување кој ги дискриминира лица со попреченост односно ги занемаруваат нивните посебности. | Ограничувања по однос на возраст за пристап до бесплатна здравствена заштита и соодветен третман. | → Анализа за законските и финансиските можности за отстранување на ограничувањата во возраст за пристап до бесплатно лекување, односно ослободување од партиципација<br>→ Ревизија и усогласување во содржината на општите акти (правилниците и одлуките) на Фондот за здравствено осигурување на Македонија<br>→ Измена на одредбата од Законот за здравствено осигурување да се прецизираат случаите на ослободување од партиципација во цената на здравствената услуга на одделни категории лица | Во текот на вториот квартал од 2019 година | **Надлежни:** - Министерство за здравство и<br>- Фонд за здравствено осигурување на Македонија<br>**во соработка со:**<br>- претставници од Невладини организации |
| 45.в | Да усвои план за обуки на здравствените работници за правата на лица со попреченост, пристапот кон попреченоста базирана на човековите права. | | → Обуки за здравствени работници (патронажни сестри, доктори по општа медицина и специјалисти по семејна медицина) за рано препознавање и рана интервенција кај деца со пречки во развојот (200 | Од прվиот квартал до крајот на 2019 година | **Носител:**<br>- Министерство за здравство -<br>**-во соработка со:** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | патронажни сестри и 200 доктори)<br>→ Обуки на здравствени работници, социјални работници, полиција, обвинителство и лични асистенти, со цел имплементација на мултисекторски пристап кон родово базирано насилство врз лицата со попреченост,<br>→ Ревизија на мулти -секторските упатства за постапување кон жени и девојки жртви на насилство да вклучуваат ефективни услуги и мерки за справување со родово базирано насилство врз жените и девојчињата со попреченост. | | - Фондот за деца при Обединетите Нации (УНИЦЕФ),<br><br>- Фондот за население при Обединетите Нации (УНФПА), |
| 45.г | Да усвојат здравствени протоколи со цел да се обезбеди правото на лицата со попреченост за бесплатна и информирана согласност за здравствени третмани. | Недостаток на рамки кои гарантираат пристапност на лицата со попреченост до слободна и информирана согласност во однос на добивање на здравствени услуги. | → Формирање работна група со професионалци од различни области<br><br>→ Организирање тркалезни маси со вклучување на стручната јавност и претставници на лицата со попреченост за дефинирање на конкретните мерки кои треба да се преземат. | Од третиот квартал до крајот на 2019 година | **Носител:**<br><br>- Министерство за здравство<br><br>**во соработка со:**<br><br>Јавната здравствена установа „Универзитетска клиника за детски болести“ Скопје, и<br><br>- Јавните |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | здравствени установи во кои се лекуваат деца со попреченост<br><br>- Министерство за труд и социјална политика<br><br>- Фондот за деца при Обединетите Нации (УНИЦЕФ),<br><br>- Македонското лекарско друштво<br><br>- Асоцијацијата на медицински сестри и акушерки |
| 45.д | Да се преземат мерки да се обезбеди достапност и пристапност до здравствените установи и здравствените услуги, со отстранување на | Недостаток на општа пристапност до основните здравствени услуги неопходни за одржување на што е можно подобри животни услови на лицата со инвалидност. | → Анализа на физичката пристапност во здравствените установи во РМ<br>→ Изработка на елаборати за подобрување на физичката | Од третиот квартал до крајот на 2019 година | **Носител:**<br><br>- Министерство за здравство - |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | физичките препреки до здравствените установи како и да се обезбедат информации во пристапни формати за лицата со попреченост. | | пристапност на објектите<br>→ Изработка на акционен план за зголемување на пристапноста на здравствените установи<br>→ Адаптација на веб страните на Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и здравствените установи во пристапен формат за лицата со оштетен вид<br>→ Поставување дополнителни информативни табли на здравствените установи изработени на Брајова азбука<br>→ Ќе се обезбедат информации (флаери, брошури и сл.) во пристапен формат за лицата со оштетен вид (во Браево писмо или во аудио формат).<br>→ Ангажирање на толкувач на знаковен јазик заради соодветен пристап до услугите за глувите лица. | | - Проектна единица за реконструкција и доградба на одјектите на Јавните здравствени установи во Република Македонија,<br>- Управа за електронско здравство.<br>**во соработка со:**<br><br>- Сите јавни здравствени установи во Република Македонија |
| 45.ѓ | Да се обезбеди споделување на информациите за сексуалните и репродуктивните права во соодветни формати за сите лица со попреченост, - да се обезбеди достапноста на услугите по основ на род и возраст. | Недостаток на информации за сексуалното и репродуктивно здравје во пристапни формати за лица со попреченост, вклучувајќи жени и девојчиња и недостатокот на специјализирани услуги за девојчиња и жени со попреченост во сите делови на државата- членка. | → Анализа за потребата и видот за специјализирана медицинска опрема во терцијарното здравство за потребите на лицата со попреченост, посебно за жените и децата со попреченост<br><br>→ Набавка на специјализирани гинеколошки столови за жени со попреченост и стоматолошки стол за децата односно лицата со | Од вториот квартал до крајот на 2019 година | **Носител:**<br><br>- Министерство за здравство,<br><br>- Јавна здравствена установа „Гинеколошко Акушерска клиника“ Скопје |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | попреченост.<br><br>→ Зајакнување на знаењето на здравствените работници и организациите на лица со попреченост за услугите за Сексуално и репродуктивно здравје, со акцент на планирање на семејство<br><br>→ Зголемување на знаењето за сексуални и репродуктивни права и услуги за лицата со попреченост и нивните организации | | - ЈЗУ „Стоматолошка клиника“ Скопје<br><br>-**во соработка со** Фондот за население при Обединетите Нации (УНФПА),<br><br>- Невладина организација „ХЕРА“ - Платформа на организации за Сексуално и репродуктивно здравје на лица со попреченост. |
| 45.е | Брзо да усвои и спроведе нов акционен план за подобрување на здравствената грижа за децата со попреченост; | Незадоволителен пристап до здравствена заштита и недостаток на специјализирани здравствени услуги за децата со попреченост. | → Усвојување нов текст на акцискиот план за 2019 година. | Од првиот квартал до крајот на 2019 година | **Носител:** Министерството за здравство - (Работна група за подобрување на правата на децата со попреченост и лица со инвалидност)<br>**соработка со:** невладини организации |
| 29 | Комитетот препорачува државата- членка, согласно насоките за член 14, да ги укине | Правните одредби овозможуваат лишување од слобода и лекување без согласност и задржување на лицата | → Организирање тркалезни маси со вклучување на стручната јавност и претставниците на лицата со | Од третиот квартал до крајот на 2019 година | **Носител:** Министерството за здравство во |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | сите правни одредби кои предвидуваат недоброволно лишување од слобода по основ на нарушување и недоброволен третман на лицата со психосоцијална попреченост. | со психосоцијална попреченост во здравствени институции за ментално здравје. | попреченост за дефинирање на конкретните мерки кои треба да се преземат за исполнување на препораката.<br>→ Формирање меѓуресорска работна група заедно со експерти и професионалци од различни области кои ќе ја разгледаат можноста од исполнување на препораката. | | **соработка со:** Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика |
| 33 | Комитетот бара од државата членка да усвои ефективни мерки со цел да обезбеди почит кон правото да се осигура слободна, информирана и претходна согласност од лицето со попреченост за здравствен третман, вклучувајќи стерилизација и абортус, и да обезбеди ефикасни механизми за поддршка при носење на одлуки. | Комитетот изразува загриженост дека правен заштитник може да одобри здравствени интервенции, вклучувајќи абортус и стерилизација, без слободна и информирана согласност од лицето со попреченост. | → Организирање тркалезни маси со вклучување на стручната јавност и претставниците на лицата со попреченост за дефинирање на конкретните мерки кои треба да се преземат за исполнување на препораката.<br>→ Формирање меѓуресорска работна група со експерти и професионалци од различни области кои ќе ја разгледаат можноста од исполнување на препораката. | Од третиот квартал до крајот на 2019 година | **Носител:** Министерството за здравство во **соработка со:** Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика |
| 37 | Комитетот препорачува државата членка да усвои мерки со цел да обезбеди помагала за мобилност по пристапни цени за лица со попреченост. | Комитетот е загрижен околу трошокот за партиципација за ортопедски и други помагала за мобилност што ги прави недостапни за лицата со попреченост. | → Усвојување на „Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување“. | Во текот на вториот квартал од 2019 година | **Носител:** Министерството за здравство во **соработка со:** Фондот за здравствено осигурување на Македонија |

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

| Р. број од препора ките | Препорака | Области за загриженост | Активности | Рок на реализација (квартално) | Надлежни/ во соработка |
|---|---|---|---|---|---|
| 20.а | -Да ја разгледа својата легислатива со цел да обезбеди задолжителна примена на стандардите за пристапност во услуги отворени за јавноста, информатички и комуникациски технологии и системи, и да воведе строги санкции за оние кои нема да ги применат. | Нема специфични и ефективни мерки и санкции за имплементацијата на легислативата која обезбедува пристап до просторната околина и информатички, комуникациски и технолошки системи;<br><br>Легислативата на државата-членка не обезбедува систематски ниту целосен пристап кон пристапноста до информации и комуникација, вклучително и информатички и комуникацискитехнологии и системи. | → Консултација со засегнатите страни за заштита на правата на лицата со попреченост во фазата на процена на влијание на регулатива (ПВР),<br>→ Подобрување/ ревизија на регулативата којшто би требало да овозможи поголема пристапност на оваа категорија на граѓани<br>→ Јавен повик за достава на коментари на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) во форма на предлози<br>- При подготовката на законите ќе бидат содржани одредби согласно упатствата за имплементација на *Web Content Accessibility Guidelines (WCAG)* стандардите за пристапност на веб содржините. | Континуирано | Министерство за информатичко општество и администрација. во соработка со Владата на РМ и Националното координативно тело |
| 20.в | Да осигура дека пристапот до информациските и комуникациските технологии и системи и другите објекти и услуги отворени за јавноста и јавните институции и услуги е достапен на целата територија на државата – членка. | | | Континуирано | Министерство за информатичко општество и администрација во соработка со Владата на РМ и Националното координативно тело |
| 20.г | Да го забрза усвојувањето на сеопфатниот национален акциски план за имплементирање на стандардите за пристапност во блиска консултација со организациите на лица со попреченост, со јасно дефинирани временски рамки, одредници за следење и евалуација. | Нивото на соработка помеѓу владините институции и агенции со организациите на лица со попреченост во однос на имплементацијата и евалуацијата на стандардите за пристапност е минимална. | → Консултации со организациите на лицата со попреченост на кои ќе се прецизираат приоритетните активности за 2019 г.<br>→ Изработка на национален акциски план за имплементирање на стандардите за пристапност на веб страните, пристапни за слепите и слабовидите лица. | Континуирано | Министерство за информатичко општество и администрација во соработка со Владата на РМ и Националното координативно тело и невладиниот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | сектор |
| 39.а | Да размисли за усвојување на закон за право на пристап до информации и да се отстрани било какво ограничување кое ги спречува лицата со попреченост слободно да бараат, примаат и пренесуваат информации и идеи на еднаква основа со другите,<br><br>Да осигура сопствениците и дизајнерите на веб страните да ги направат своите веб страни пристапни за лица со попреченост, особено за слепите и слабовидите лица. | | → Сензибилизација на регулаторните тела во областа на медиумите,за правата и потребите на лицата со попреченост, преку редовни консултации<br>→ Едукација на радидифузерите за правата на лицата со попреченост<br>→ Ќе се предложи кампања за подигање на свеста за правата на лицата со попреченост во оваа сфера.<br>→ Укажување на сите електронски портали на медиумите, нивните веб страни да бидат во пристапен формат. | Континуирано | Министерство за информатичко општество и администрација<br>Агенција за електронски комуникации<br>Агенција за радиодифузија<br>Здружение на новинари на Македонија<br>Сојуз на слепи лица на Македонија |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 39.б | - Да се обезбеди дека телевизиските станици даваат вести и програми во пристапни формати, особено за глуви лица, глуво- слепи и наглуви. | Комитетот е загриженза ограниченото јавно информирање достапно за лица со попреченост, вклучувајќи го толкувањето на знаковниот јазик, тактилното препознавање, Брајова азбука и формат лесен за читање и други алтернативни форми за комуникација и во јавните и приватните медиуми. | → Со измените на Законот за аудио и аудио визуелни медиумски услуги се дадени соодветни правни основи за определување на овие мерки во рамки на подзаконски акт кој би требало да биде донесен од страна на независниот регулатор. Оваа материја е регулирана и со Законот за медиуми, овој вид на мерки ќе бидат содржани и во одредби од Законот за медиуми, чија што измена и дополнување е планирана за во 2019 година.<br>→ Ќе се извршат консултации и ќе се предложи на регулаторното тело од областа на медиумите да спроведе информативна кампања за значењето на програмите кои ги создаваат радидифузерите за значењето на истите да овозможат подеднаков квалитет за граѓаните со попреченост. | Континуирано | МИОА во соработка со ВРМ, НКТ и НВО секторот |
| 49.а | Да се ревидира постоечката легислатива, и во јавните и приватните сектори, да ја усогласат со Конвенцијата<br><br>Да се усвои легислатива со ефективни правни средства и санкции во однос на дискриминација по основ на попреченост во регрутирање, унапредување и задржување на вработени. | -Дискриминација и нееднаквост во вработување и работните услови за лицата со попреченост, посебно жени, особено оние содржани во некои прописи во Законот за државна администрација;<br><br>-Лицата со попреченост, јавните и приватните работодавци не се целосно свесни за правата и можностите за вработување на отворениот пазар на трудот. | → Измена на Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор.<br>→ Измена на одредбите што се однесуваат за еднаквост и забрана за дискриминација ќе бидат утврдени како основни начела за вработување во јавниот сектор, согласно Конвенцијата на ООН.<br>→ Ќе се усвои легислатива со ефективни правни средства и санкции во однос на дикриминација во јавниот сектор. | Континуирано | МИОА во соработка со ВРМ, НКТ и НВО секторот |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

| Р. број од препора ките | Препораки | Области за загриженост | Активности | Рок на реализација (квартално) | Надлежни/ во соработка |
|---|---|---|---|---|---|
| 16.а | Да се криминализира насилството против децата со попреченост, вклучувајќи физичко казнување и сексуално насилство; мерки за санкционирање на виновниците | Недостатокот од криминализација на насилството против децата со попреченост, вклучувајќи телесно казнување и сексуално насилство, во сите опкружувања | → Формирање работно тело со засегнатите чинители<br>→ Измена на Кривичниот закон | 2019 од прв до четврт квартал континуирано | Министерство за правда, во соработка со Министерство за труд и социјална политика |
| 27.б<br><br><br><br><br>27.д | Да преземе мерки да се измени кривичниот закон, со цел злоделата врз лицата со попреченост да се препознаваат како дела од омраза;<br><br>Да осигура дека пристапот до бесплатна правна помош за лица со попреченост не е ограничен во новиот предлог закон за бесплатна правна помош. | Недостаток на доследност во законите во однос на пристап до правда за лицата со попреченост и недостаток на легислатива за дела од омраза поврзани со попреченоста;<br><br>Бирократските рестрикции за бесплатна правна помош во согласност со сегашниот Закон за бесплатна правна помош. | → Измена на Кривичниот закон<br><br>→ Изработка на нов Закон за бесплатна правна помош[1] | 2019 од прв до четврт квартал континуирано | Министерство за Правда |
| МП 1 | Со цел да се подигне свеста за прашањето на пристапност до зградите на судовите и за потребата од прилагодување на процедурите и обезбедување на комуникација со лицата со попреченост во пристапен формат, како што е Брајовата азбука, | Недостаток на пристапност до судскиот систем поради недостаток на знаење за прашањето на попреченоста во судскиот сектор,<br><br>Недостаток на соодветни прилагодувања на процедурите, информации во пристапни | → Изработка на допис за информирање на Судскиот совет на РМ и Судскиот буџетски совет<br><br>→ Обезбедување на финансиски средства | Четврт квартал во 2019 | Министерство за Правда / во соработка со Судски совет на РМ, Судски буџетски совет |

[1] Новиот Закон за бесплатна правна помош ја напушта старата категоризација на лица - за сите потенцијални корисници.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 27.а | пристапни електронски формати, тактилно препознавање, формат лесен за читање и на знаковен јазик, ќе се пристапи кон информирање на релевантните актери со серија на дописи координирани преку Судскиот совет на РМ<br>Ќе се обезбедат средства од Судскиот буџетски совет за изработка на пристапни патеки до зградите на судовите и соодветни лифтови. Исто така се обезбедуваат и средства за опремување на судници во приземниот дел на судот што ќе бидат пристапни и ќе служат за лица со попреченост додека трае инсталацијата на пристапните лифтови. Судниците на приземното ниво- по една во секој суд каде судиите ќе се симнуваат по потреба претставуваат мерка на соодветно прилагодување и ќе бидат приоритетни при реализација на планот.<br><br>Да преземе мерки за усогласување на законите со кои ќе бара од судовите да ги олеснат судските процедури и прилагодување на процедурите за лицата со | формати и пристапност до просториите на судството; | → Дисеминација на серија на дописи до сите релевантни актери | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 27.в | попреченост и да ги прошири тие мерки до полицијата и услугите на прогон; ефективно да се применува начелото на прилагодување на процедурите врз основа на член 27 од Законот за правата на лицата со попреченост (2016)<br>Да усвои мерки за да се осигура дека сите лица со попреченост, особено лицата со психосоцијална попреченост, лицата со интелектуална попреченост, глувите и наглувите лица, слепи лица, глуво- слепи лица, имаат пристап до правда, и дека информацијата и комуникацијата е во пристапен формат, како што е Брајовата азбука, пристапни електронски формати, тактилно препознавање, формат лесен за читање и на знаковен јазик. | | | | |
| 8.а | - Ревидирање на цела легислатива со цел да се вметнат сите форми на дискриминација поради попреченост, вклучувајќи дискриминација по повеќе основи; | Нема казни во националните закони, и за јавните и за приватните институции или индивидуи кои дискриминираат лица поради нивната попреченост и недостаток на ефективни правни средства против дискриминација[2] | → Проверка и интервенција во релевантни законски прописи - врз основа на претходно утврдена листа на прописи<br>→ Вметнување на принципот на еднаквост и недискриминација кој ја опфаќа и дискриминацијата поради попреченост. | Континуирано во 2019 од прв до четврт квартал | Владиното Национално координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи |

[2] Новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација предвидува санкции во форма на прекршочни глоби за јавни и приватни институции кои дискриминираат по сите основи вклучувајќи ја и попреченоста.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Во соработка со сите надлежни министерства и други државни органи |
| 29 | Државата - членка, согласно насоките за член 14, да ги укине сите правни одредби кои предвидуваат недоброволно лишување од слобода по основ на нарушување и недоброволен третман на лицата со психосоцијална попреченост. | Правните одредби овозможуваат лишување од слобода и лекување без согласност и задржување на лицата со психосоцијална попреченост во здравствени институции за ментално здравје. | Формирање меѓуресорска работна група од различните засегнати чинители | 2019 година четврт квартал | Организации на лица со попреченост, Министерство за Труд и социјална политика, Министерство за здравство, Министерство за правда |
| 53.а | Да ги разгледа своите закони за избори со цел да се отстранат предусловите кои оневозможуваат лицата со интелектуална попреченост и/или лица со психосоцијална попреченост да го практикуваат своето право на глас и да се кандидираат | Законите за избори го ставаат “менталниот капацитет„ како предуслов за правото да гласаат и да се кандидираат за јавна функција, со кое се оспоруваат овие права на лица со интелектуална попреченост и/или лица со психосоцијална попреченост; | Формирање меѓуресорска работна група од различните засегнати чинители. | 2019 година четврт квартал | Министерство за правда / во соработка со Организации на лица со попреченост, Министерство за Труд и социјална политика, Министерство за здравство, |
| 53.б | Да усвојат мерки да обезбедат пристапност до избирачките места и нивното опкружување, особено за лица со попреченост кои престојуваат во институции,<br><br>Обезбедување на изборни материјали и информации во пристапни формати за сите лица со попреченост. | Непристапност на местата за гласање и нивната околина, особено за лица со попреченост кои престојуваат во институции, и<br><br>Недостатокот на изборни материјали и информации во пристапни формати како што се Брајовата азбука, тактилен, знаковниот јазик и формат лесен за читање за лицата со попреченост. | Формирање работна група од различни засегнати чинители<br><br>Измени на Изборниот законик преку организирање јавни расправи | 2019 година четврт квартал | Министерство за правда, (ОБСЕ ОИДХР- треба да се потврди), во соработка со Државна изборна комисија, Интерпартиска парламентарна лоби група за правата на лицата со попреченост |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 53.в | Да спроведе обука за лицата кои организираат избори, за правата на лицата со попреченост, во сите фази на изборниот процес да овозможат лицата со попреченост да имаат ефективно учество во изборните и политичките процеси. | Недостаток на обука за лицата кои ги организираат изборите да ги посочат барањата/условите на лицата со попреченост на изборните места; | Формирање на работна група од различни засегнати чинители,<br>Спроведување обуки за лицата кои организираат избори, за правата на лицата со попреченост | 2019 година четврт квартал | Државна изборна комисија, во соработка со невладин сектор, Министерство за правда и меѓународни организации |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

| **Реден број од препорак ите** | **Препорака** | **Области за загриженост** | **Активности** | **Рок на реализација (квартално)** | **Надлежни/ во соработка** |
|---|---|---|---|---|---|
| 20.а | -Да ја разгледа својата легислатива со цел да обезбеди задолжителна примена на стандардите за пристапност во сите области, особено за објекти, транспортни услуги, други простории и услуги отворени за јавноста, и информатички и комуникациски технологии и системи, и да воведе строги санкции за оние кои нема да ги применат | Нема специфични и ефективни мерки и санкции за имплементацијата на легислативата која обезбедува пристап до просторната околина и информатички, комуникациски и технолошки системи; | → Ревизија на постоечката законска регулатива и тоа:<br>• Законот за градење,<br>• Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на лица со инвалидност до и во градби со јавни и деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено-деловна намена<br>• Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко | Трет и четврт квартал од 2019 | Министерство за транспорт и врски во соработка со граѓанските организации на лица со попреченост |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | планирање<br>→ Организирање три работни средби со невладини организации, | | |
| 20.б | Да осигура дека пристапот до зградите, транспортот, информациските и комуникациските технологии и системи и другите објекти и услуги отворени за јавноста и јавните институции и услуги е достапен на целата територија на државата – членка. | Пристапот до објекти, транспортни услуги и јавни институции и останати услуги надвор од главниот град е недоволен, има и недостаток од примена на сите меѓународни стандарди за пристапност на меѓународниот аеродром. | → Реализација на обуки и работилници за вработените во институциите и органите на државната управа кои имаат ингеренции и надлежност во доменот во урбанизмот и градежништвото, во однос на доследна примена на постоечката законска регулатива за спроведување и имплементација на пропишаните стандарди во однос на специфичните потреби на лицата со инвалидност.<br>→ Преиспитување на постоечката законска регулатива, која го тангира инспекцискиот надзор во однос на примена на одредбите од обласа на урбанизмот и градежништвото.<br>→ Анализа и изработка на елаборати за утврдување на висина на буџетски средства за спроведување и овозможување на непречен пристап на лицата со инвалидност | Континуирано во текот на 2019 | Министерство за транспорт и врски<br><br>- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам<br><br>- Јавно претпријатие Македонски железници - Инфраструктура |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | на најмалку три локации од железничкиот сообраќај.<br>→ Обезбедување ознаки со Брајова азбука на објектот на Министерството за транспорт и врски. | | - Во соработка со Националниот сојуз на слепи лица |
| 20.г | Редовна обука на јавни и приватни чинители за недискриминација и разумно прилагодување за лицата со попреченост. | Обуки за недискриминација и разумно прилагодување не се редовно обезбедени за јавните и приватните чинители. | → Ќе се воспостават системи за обука, со цел да се обезбеди практична примена на стандардите за пристапност (инженери, архитекти, урбанисти, органи кои издаваат одобренија за градба на национално и локално ниво). | Континуирано во текот на 2019 | Обуките ќе се организираат преку граѓанските организации кои работат на полето со лица со попреченост. |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

| **Р. број од препораките** | **Препорака** | **Области за загриженост** | **Активност** | **Рок на реализација (квартално)** | **Надлежни/ во соработка** |
|---|---|---|---|---|---|
| 55 | Да преземе чекори да го поддржи и охрабри учеството на лицата со попреченост, вклучувајќи ги и децата, во | Недоволни напори на државата- членка да поддржи пристап до и учество на лица со попреченост во културните, | → Финансиска поддршка на проекти поднесени од организации на лица со попреченост во рамките на годишните конкурси за финансирање проекти и манифестации од национален интерес во културата | Во прviот квартал од 2019 година ќе се објават резултатите од годишните конкурси<br><br>Рок за реализација на одобрените проекти согласно Законот за | Министерството за култура |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | културни, рекреативни, слободни и спортски активности | рекреативни, слободни и спортски активности. | → Склучување договори со носителите на поддржаните проекти. | култура е заклучно со 31.12.2019 година. | |
| | | | → Изработка на Акциски план за адаптација на културолошки материјали во достапни формати за лицата со попреченост, првенствено за слепи лица (на Брајова азбука, во аудио/ електронска форма, во зголемен фонт и сл). | Континуирано (во текот на целата година) | Министерството за култура<br><br>Во соработка со националните и локалните установи/ центри/ Домови на култура<br>Сојузот на слепи лица, |
| | | | → Ангажирање на професионални толкувачи на знаковен јазик во националните и локалните установи и други капацитети отворени за јавност (во музеите и во други поголеми објекти каде се споделуваат информации од стручен водич/ кустос)., со цел да се пристапноста за глувите лица.<br><br>→ Поставување дополнителни информативни табли на националните установи, објектите и другите капацитети отворени за јавност, изработени на Брајова азбука | Континуирано (во текот на целата година)<br><br>Континуирано (во текот на целата година) | Министерството за култура<br><br>Во соработка со Сојузот на глуви лица, националните и локалните установи (музеи)<br><br>Во соработка со Сојузот на лица со оштетен вид |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| 55 | Да се ратификува Договорот од Маракеш за олеснување на пристапот до објавени дела за лица кои се слепи, лица  со оштетен вид и лица на друг начин попречени да користат печатени материјал | Комитетот изразува жалење што државата- членка се уште го нема ратификувано Договорот од Маракеш за олеснување на пристапот до објавени дела за слепите лица, лица со оштетен вид и лица на друг начин попречени да користат печатени материјали. | → Организација на јавни дебати со организациите на лица со оштетен вид за потребата од потпишување на договорот од Маракеш | Континуирано (во текот на целата година) | Министерството за култура<br><br>Во соработка со Сојузот на слепи лица на Македонија |
| | | | → Потпишување на договорот од Маракеш<br>→ Анализа за финансиските импликации кои ќе произлезат од ратификација на договорот. | Последниот квартал од годината | Министерството за култура<br><br>Во соработка со Националниот сојуз на слепи лица, националните и локалните библиотеки<br><br>Во соработка со Националниот сојуз на слепи лица, националните и локалните библиотеки. |

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

| Реден број | Препорака | Области за загриженост | Активност | Рок на реализација (квартално) | Надлежни/ во соработка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Да овозможи посебна буџетска сметка во рамките на буџетот на државата, во корист на проекти и реформи од аспект на имплементацијата на Конвенцијата на ООН и препораките дадени од Комитетот на ООН (доколку се работи за донаторски проекти) | Недостаток на ресурси достапни за ефективно и сеопфатно следење спроведено од независна структура за мониторинг, воспоставена во согласност со член 33 (2) од Конвенцијата, што ја ограничува дадената поддршка на организациите на лица со попреченост да учествуваат во процесот на следење. | → Финансиска поддршка на активностите предвидени во Акциските планови на министерствата<br>→ Финансиска поддршка на механизмите за имплементација и мониторинг на Конвенцијата | Континуирано по доставена потребна документација од страна на буџетските корисници за отворање на донаторска сметка | Министерство за финансии и буџетски корисници |
| 2. | Да воспостави „минимални стандарди за пристапност“ на банкарските услуги кои ги даваат приватните финансиски институции за лицата со оштетен вид и со други видови попреченост. | Непристапност на банкарските услуги кои ги даваат приватните финансиски институции за лицата со оштетен вид и со други видови попреченост. | → Ангажирање на приватните финансиски институции за постепено изменување и приспособување на непристапните банкарски услуги во пристапни.<br>→ Консултации со банкарскиот сектор - сите ново набавени банкомати и други банкарски услуги да бидат целосно пристапни за лицата со оштетен вид и со други видови попреченост. | Континуирано во текот на 2019 година | Министерство за финансии и Македонска Банкарска Асоцијација |
| 3. | Да ги примени стандардите за пристапност како услов во сите јавни набавки на услуги и градби и да ја следи имплементацијата | Легислативата на државата-членка не обезбедува систематски ниту целосен пристап кон пристапноста до информации, вклучително и информатички и комуникациски технологии и | → Во Предлог Законот за јавните набавки ќе се уредат минималните стандарди за пристапност при набавки на услуги, градби и добра.<br>→ Ќе се организираат консултации со организациите на лица со | Реализирана. Одредбите од Предлог законот за јавните набавки по неговото | Министерство за финансии и Биро за јавни набавки Забелешка: (Бирото за јавни набавки не ја |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | системи и градби. | попреченост. | усвојување е планирано да влезат во сила во вториот квартал на 2019 година. | следи имплементацијата на поеднечните договори за јавни набавки кои договорните органи ги доделуваат, туку го следи севкупниот систем на јавни набавки и по потреба предлага мерки и активности во насока на негово подобрување.) |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

| **Реден број од препораките** | **Препорака** | **Области за загриженост** | **Активности** | **Рок на реализација (квартално)** | **Надлежни** |
|---|---|---|---|---|---|
| 20.г | Да го забрза усвојувањето на сеопфатниот национален акциски план за имплементирање на стандардите на пристапност во блиска консултација со организациите за лица со попреченост, со јасно дефинирани временски рамки, одредници за следење и евалуација. | Пристапот до објекти, транспортни услуги и јавни институции и останати услуги надвор од главниот град е недоволен<br><br>Нивото на соработка помеѓу владините институции и агенции со организациите на лица со попреченост во однос на имплементацијата и евалуацијата на стандардите за пристапност е минимална. | → Изработка на сеопфатен национален акциски план за подобрување на физичка пристапност во сите јавни установи во единиците за локална самоуправа и другите институции кои се под надлежност на Министерство за локална самоуправа<br>→ Координација на имплементацијата на Акцискиот план за подобрување на физичката пристапност на јавните установи | Континуирано во 2019 година | Министерство за локална самоуправа, во соработка со локалните општини |